Совет на Општина Делчево
Број 09-101/2
25.01.2022 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Петта седница на
Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 25.01.2022 година (вторник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ, втори кат, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево кој за Петтата седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од Трета седница
--Усвојување на Записник од Четврта седница

1. Предлог-Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Делчево.
   Образлагач: Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата.
2. Предлог-Одлука за разервирани средства за надоместок за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2022 година;
3. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2021 квартал 4 со Заклучок за усвојување;
   Образлагач: По точките 2 и 3-Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.
4. Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2021 година со Заклучок за усвојување;
5. Годишна Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2022 година;

Образлагач: По точката 4 и 5- Даниела Такева-претседател на Комисијата

6. Извештај за реализација на Годишната Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево со Заклучок за усвојување;
7. Програма за за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево за 2022 година;

Образлагач: По точките 6 и 7- Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавноста.

8. Предлог-Програма за превенција и заштита на Општина Делчево за 2022 година;
   Образлагач: Кире Цоневски-Соработник за превенција и заштита.
9. Предлог-Одлука за определување паричен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево;
   Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“- Делчево.

10. Предлог-Одлука за утврдување  на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Славе Постолов;
11. Предлог-Одлука за утврдување  на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Славе Постолов;
12. Предлог-Одлука за утврдување  на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект за одгледување на кокошки зграда број 1 по барање на Дарко Димитров;
13. Предлог-Одлука за утврдување  на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект за одгледување на крави и сместување на храна за животни зграда број 3 по барање на Дарко Димитров;
14. Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево;
15. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;
16. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2022 година;

**Образлагач:**  По точките 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 -Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина.

17. Предлог-Програма за работа на Советот на млади на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;
18. Извештај за работата на Советот на млади при Општина Делчево со Заклучок за усвојување.

**Образлагач:** По точките 17 и 18- Родна Деолска- Претседател на Советот на млади на Општина Делчево.

19. Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2022 година;
20. Предлог-Одлука за давање согласност на висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево;
21. Предлог-Одлука за давање согласност на висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево;

    **Образлагач:** По точките  Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

22. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација Градежна Парцела бр.2.05 и Градежна Парцела бр.2.06 од ДУП урбан блок,,Пролет 1,,на Делчево КО Делчево,Општина Делчево;

    **Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

23. Предлог-Одлука за парична помош по барање на Стефанија Сапаловска;
24. Предлог-Одлука за парична помош по барање на Александра Јочевска;
25. Предлог-Програма за социјална заштита на општина Делчево за 2022 година;

    **Образлагач**: Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси.

26. Предлог-Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на

општината за потпишување на документацијата по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно договорот за заем од Европската инвестициона банка;

Образлагач: Тони Вангеловски-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

27. Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за статут и прописи;
28. Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за јавни дејности

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој предложи дека советничката група на СДСМ секогаш е на страната на граѓаните и нивните права и побара точките под реден број 20. Предлог-Одлука за давање согласност на висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево и 21-Предлог-Одлука за давање согласност на висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево, да бидат симнати/повлечени од дневен ред бидејќи истите точки не биле разгледани на Комисијата за комунални работи и сообраќај. Точките да бидат разгледани на седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај во која членуваат и советници од ВМРО ДПМНЕ, да се слушнат и нивните предлози и мислења и потоа да се стават на дневен ред на наредна седница.

Сашко Ивановски истакна дека советничката гтрупа на ВМРО ДПМНЕ имала ист предлог, т.е точките да бидат повлечени бидејќи негативно ќе се одразат на граѓаните, пред се на граѓаните од социјално загрозените семејства.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и прелогот за повлекување на точките 20 и 21 беа ставени на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, предлогот за повлекување на 20 и 21 точка беше прифатен.

На гласање беше ставен дневниот ред за 5.седница без точките 20 и 21.

Со 14 гласа „ЗА“ дневниот ред беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Третата седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Четвртата седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ истиот беше усвоен.

Прва точка-Предлог-Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Делчево.

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата кој истакна дека денеска на дневен ред е Одлука за верификација на мандат на член на Совет на Општина Делчево. „Истата точка е предложена од причини што поранешниот член на Советот, Кристи Стојковски си поднесе оставка од функцијата, а според дописот од ОИК нареден член од листата на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата е Ели Ризова Ангеловска“, истакна претседателот на Советот и претседател на Комисијата за на верификација, изборите и именувањата, Гоце Попов.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ Одлуката беше донесена.

По донесувањето на Одлуката за верификација на мандат на член на Совет на Општина Делчево, согласно член од Законот за локална самоуправа членот на Советот Ели Ризова Ангеловска ја потпиша и даде Свечената заклетва, а претседателот на Советот, Гоце Попов од негово лично име и од името на сите членови на Советот ѝ посака успешна работа.

**Втора точка-Предлог-Одлука за разервирани средства за надоместок за одземен имот во Буџетот на општина Делчево за 2022 година;**

Точката ја образложи Шабан Багашов кој истакна дека оваа одлука се предлага пред Советот за да се определат средства за надомест за одземен имот-експропријација. Средствата за таа намена се предвидуваат во Буџетот секоја година, но посебна одлука се донесува веќе 3-4 години по налог на Управен суд.

Средствата се планирани во износ од 1,5 милиони денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

**Трета точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2021 квартал 4 со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Шабан Багашов-Раководител на Секторот за финансиски прашања кој истакна дека овој извештај ги покажува вкупните планирани и потрошени средства во 4 квартал, т.е од 01.01. до 31.12.2021 година. Конкректно во врска со Извештајот тој истакна дека извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за четвртиот квартал 2021 година, изнесува 90.76% односно од вкупно планираните 315.220.482 ден. приходи се реализирани 290.009.210 ден. Од нив, во основниот буџет, од планирани 109.541.856 ден. реализирани се 98.266.043 ден. или 89.67%.Во буџетот на дотации од планирани 176.784.200 ден. приходи реализирани се 169.270.533 ден. или 95.7%, во буџетот на донации од планирани 11.098.676 ден. реализирани се 9.609.250 ден. или 86.58%, во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 12.095.750 ден. реализирани се 5.659.364 ден. или 46.78% и во буџетот од кредити од планирани 5.700.000 ден. реализирани се 7.204.016 ден. или 126.3%Даночните приходи во кои влегуваат данокот од доход, од добивка и од капитални добивки, даноците на имот, даноци на специфични услуги и таксите за користење или дозволи за вршење на дејност се наплатени во износ од 39.374.231 ден. од вкупно планирани 42.182.000 ден. или 93.34%. Неданочните приходи се планирани во износ од 1.870.000 ден. и тоа се приходи од административни такси и надоместоци, а се реализирани во износ од 1.464.542 ден. (78.3%). Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 32.894.005 ден. од вкупно планираните 39.384.456 или 83.5%.Капиталните приходи се наплатени во износ од 2.901.623 ден. од вкупно планирани 3.605.400 ден. или 80.4% а тоа се приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања.

Вкупните расходи се планирани во износ од 315.220.482 ден. Од нив се реализирани 286.106.864 ден или 90.76%. Во основниот буџет од вкупно планирани 109.541.856 ден. реализирани се 98.266.043 ден.или 89.7%.

Во буџетот на дотации од планирани 168.832.890 ден. расходи реализирани се 166.511.249 ден. или 98.62%, во буџетот на донации од планирани 2.234.000 ден. реализирани се 1.298.422 ден. или 58.1% и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани 11.580.750 ден. реализирани се 4.260.915 ден. или 36.79%.

Во делот на платите, придонесите од плати и други надоместоци од вкупно планирани расходи во износ од 27.213.400 ден. реализирани се 26.405.728 ден. или 97%. Во групата 42 (патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги, привремени вработувања и други тековни расходи) реализирани се 20.910.816 ден. од вкупно планирани 23.775.000 ден или 87.95%.

Расходите за субвенции и трансфери до спортски клубови, граѓански здруженија, ученички и студентски стипендии се планирани во износ од 3.041.000 ден од кои реализирани се 2.250.778 ден. или 74%. За социјани надоместоци (еднократна парична помош поради социјална загрозеност, болничко лекување, за новороденчиња и др.) од предвидените 950.000 ден, реализирани се 928.332 ден. или 97.7%.

Капиталните расходи се реализирани во износ од 45.855.859 ден. од вкупно планирани 52.619.456 ден. или 87.1%. Доколку ве интересира нешто конкретно, повелете со прашања, истакна Ш.Багашов.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој истакна дека Комисијата за финансии и буџет имала седница на која бил разгледан и овој извештај. На седницата биле присутни сите членови на Советот, имало доста прашања на кои од страна на образлагачот било одговорено. Извештајот покажува дека буџетот бил добро проектиран и се што било планирано е извршено во голем процент.

Сашко Ивановски праша зошто се реализирани само 50% од 1,5 милиони во делот на Трансфери до невладини организации?

Шабан Багашов рече дека тоа е така бидејќи заради пандемијата со корона-вирусот немало спроведени активности од страна на НВО-и и спортските клубови.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 4.

Четврта точка-Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2021 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по оваа точка беше Даниела Такева-претседател на Комисијата која истакна дека Програмата за одбележување настани и културни манифестации на Општина Делчево за 2021 година е изготвена од Комисијата за организирање настани и културни манифестации на Општина Делчево, а усвоена на 49. седница на Советот на Општина Делчево одржана на ден 29.01.2021 г. и оваа Програма е трета по ред Програма

донесена од Советот на Општината во која се предвидени настани и манифестации, дефинирани со календар и со предвидени активности. Исто така, во Програмата се предвидени и финансиски средства потребни за реализацијата на активностите.Таа истакна дека носењето Програма која ја третира областа култура, значи сериозен пристап на Општина Делчево на темата култура, плански распоред на ресурсите и навремена подготовка на настаните за остварување на целите Во врска со Извештајот таа истакна дека насока на зачувување на јавното здравје, поради актуелната пандемија, протоколите за заштита и превенција од ширење на коронавирусот и забраната за групирање, настаните кои вообичаено привлекуваат поголем број граѓани, а беа предвидени во Програмата, не се одржале. Воедно, поради пожарите кои ја зафатиле територијата на Општина Делчево и прогласената кризна состојба во месец август 2021, не се одржале ниту планираните настани: концерти на отворено во рамките на „Делчевско лето".

Поради пожарите во месец август и забраната за движење во шумските предели беше одложено одржувањето на традиционалните Голачки фолклорни средби. Дел од програмата планирана за фестивалот беше презентирана на 14 август на летната сцена во Делчево. Фестивалот е во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" со финансиска поддршка на Министерството за култура, под покровителство на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го доонесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2021 година.

Петта точка-Годишна Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2022 година;

Образлагач и по оваа точка Даниела Такева-претседател на Комисијата која рече дека оваа Програма се донесува врз основа на членот 22 став 5 од Законот за локална самоуправа, во која се пропишани надлежностите на Локалната самоуправа на полето на културата, во смисла институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво; и член 15 точка 5 од Статутот на Општина Делчево.

-Во интерес на времето, нема да ја образлагам оваа точка доколку има прашања, повелете, истакна таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Зекир Абдулов кој предложи Програмата да се дополни со одбележување на меѓународниот ден на Ромите, 8 Април. Тој рече дека за наредна седница на Совет ќе го достави тој предлог со образложение за дополнувањето на Програмата за одбележување настани и културни манифестации за 2022 година.

Сања Николовска праша дали се рализирани некакви активности во врска со 14 јануари- ден Василица или т.н. Сурова и на кој начин Општината дава поддршка на овој настан?

Д.Такева рече дека секоја година организаторот на тој настан до Општината поднесува Барање за финансиска поддршка на настанот, обично за обезбедување на ручек и набавка на маски за маскенбалот. Таа рече дека е свесна оти овој настан треба да претрпи некои измени и да не биде во оваа форма како што е досега, да не се одвива вака стихијно и едноставно да се подигне на повисоко ниво. Оваа година Општината учествувала со 10.000 денари за набавка на маски, обезбедување ручек, а настанот се поикрива и со текст и фотографии објавен на официјалната веб-страница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2022 година.

Шеста точка-Извештај за реализација на Годишната Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево со Заклучок за усвојување;

И оваа точка ја образложи Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавноста која рече дека обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа. Во минатата година Општина Делчево продолжи со активното учество во Мрежата за односи со јавност, формирана од ЗЕЛС. Мрежата дава можност за континуирана надградба на капацитетите, размена на искуства и поддршка во работата на лицата за односи со јавноста. Програмата ја спроведувала општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. Таа истакна дека реализацијата и начинот на реализација на планираните активности во Програмата во делот за промоција на активностите на Општината, во текот на 2021 г. зависела и од надворешни фактори и влијанијанија, особено поради пандемијата од ковид 19 и последиците по граѓаните на Општина Делчево. На крајот таа истакна дека отчетноста и транспарентноста на општина Делчево во изминатите три години е на многу високо ниво и дека и во иднина Општината ќе продолжи со исто темпо.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека не е се баш така како што истакнала Д.Такева во извештајот бидејки 200-250 прегледи на некоја објава на Општината на веб-страницата не е доволно, уште повеќе ако ги сметаме прегледите од страна на вработените во општината. Обична објава или статус на социјалните мрежи има повеќе прегледи, допаѓања и коментари, сметам дека транпарентноста и информираноста на граѓаните за работата на општината треба да се подобри, рече тој.

За збор се јави Гоце Попов кој истакна кај нас граѓаните не се навикнати да ја следат работата на Општината на интернет, особено не на официјалната веб- страница.

Повеќе ја следат Општината и нејзината работа на социјалните мрежи, тие се поинтересни и поатрактивни за граѓаните. Се разбира дека секогаш може повеќе и подобро, рече тој.

Даниела Такева рече дека можеби прегледите на некоја информација поврзана со работата на општината се 200 до 250 не се многу, но за неа таа бројка е задоволителна бидејќи претходно биле по 10 до 20. Постои и ФБ страна на Општина Делчево и точно е дека на таа страна нашите објави имаат повеќе прегледи иако информациите се исти. Ние и понатаму ќе се трудиме да ја подобриме транспарентноста и отчетноста на Општината, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево.

Седма точка- Програма за за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево за 2022 година;

Образлагач и по оваа точка беше Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавноста која истакна дека како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди.Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, отчетноста и транспарентноста во работењето, Советот на Општина Делчево усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во областа на комуникацијата со јавноста и промоција на Општина Делчево градена врз основа на Стратегијата за надворешна комуникација за периодот 2020-2024, усвоена на 34 Седница на Советот на Општина Делчево, јануари 2020 г (бр 09-51/1). Оваа Програма овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположивите капацитети на овој план.Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, Програмата овозможува реализација на значајни активности за презентација и промоција на резултатите на Општината, како и подготовка на неопходен промотивен материјал за граѓаните.Општина Делчево активно е вклучена и во Мрежата за односи со јавност на ЗЕЛС од каде се добива максимална поддршка во работата на ова поле, соодветни обуки и учество на работилници со цел надградба на капацитетите. Успешните практики на планот на комуникацијата со јавноста, како и лоцирањето на критичните точки, каде е неопходна интервенција, налагаат усовршување на Програмата во контекст на јасно детерминирање на планот на активности. Воедно, тековниот процес на стандардизација и воведувањето на стандардот за квалитет ИСО 9001-2015 во работењето на општинската администрација, значително ќе помогне во детектирање на „тесните грла" во работењето и во внатрешната комуникација што, очекувано, ќе има позитивно влијание во остварување на крајната цел - подобрена транспарентност и отчетност на Општина Делчево. Токму поради комплексната природа на активностите во областа на односите со јавноста, оваа Програма претставува флексибилен документ кој

континуирано ќе се развива врз основа на понатамошните искуства, рече Д.Такева.

Доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево за 2022 година.

Осма точка-Предлог-Програма за превенција и заштита на Општина Делчево за 2022 година;

Образлагач по оваа точка беше Кире Цоневски-Соработник за превенција и заштита кој истакна дека оваа Програма се донесува врз основа на Законот за заштита и член 36 од Законот за локална самоуправа, Законот за пожарникарство на РМ Законот за заштита на населението од заразни болести. Општина Делчево преку Одделението за локален економски развој, превенција, заштита и спасување при Секторот за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕ, за 2022 година ќе спроведува мерки и активности согласно законските норми предвидени за сегментите кои се од областа на превенција, заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од елементарни и други непогоди, како и мерки и активности кои редовно се спроведуваат, а со цел превентивно делување заради заштита на животот и здравјето на населението на територијата на Општината. Во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои Одделението во соработка со другите надлежни субјекти ќе ги спроведе (Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2022 година, доставена од ЈЗУ ,,Центар за јавно здравје Кочани,,), како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2022 година, Согласно Законот за заштита и спасување “Сл. весник на Р. Македонија”, бр.36/04 од 10.06.2004 година, како и Процена на загрозеност од сите ризици.Во продолжение тој ги запозна членовите на Советот за работата и надлежностите на ТППЕ и Просторните сили и истакна во тек е процес за ревитализирање на ,,Просторните сили,, при општина Делчево, кои како единица се регулирани во Законот за заштита и спасување и мометално бројат 25 припадници. За доспособување и обновување на овие сили и нивно ставање во потполна функција, потребно е преземање на неколку мерки и активности за кои се потребни материјално-финансиски средства од Буџетот на општина Делчево и тоа:набавка на 10 работни одела, 1500ден.по 1 комплет (вкупно 15.000), Продолжување на ПП посебна дообука во ТППЕ Делчево за 25 лица, по 2 наставни часа за 1 лице 300 денари,или вкупно 5.000 денари, набавка на 4 грбни пумпи т.н. напртњачи за гаснење на пожар,1 број е 6000 ден. или вкупно 24.000. Во продолжение беше презентирана Програмата во делот на заштита и спасување од поплави при што К.Цоневски истакна дека за справување со овој вид на елементарна непогода, а со цел заштита на животот и здравјето на граѓаните на Општината и нивните материјални добра, Одделението има изготвено соодветен ,,Оперативен план за заштита од поплави,, со кој се предвидени, целите, мерките и активностите, критичните точки, ресурсите, како и потребните буџетски средства за остварување на Програмата во овој дел, а активностите кои се предвидуваат се наведени во табеларниот приказ. Во продолжение образлагачот се осврна на мерките поврзани со заштита на населението од заразни болести, при што истакна дека за спроведување на овие мерки ЈЗУ,,Центар за јавно здравје Кочани,, преку

ПЕ Делчево изработува Програма(Стручен Елаборат) во која се опфатени следните општи мерки за заштита на населението од заразни болести:

1.Обезбедување на безбедна вода за пиење
2.Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби
3.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во објектите за храна
4.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во училиштата и предучилишните установи
5.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин на кој ќе се овозможи заштита на човековата околина од загадување
6.Вршење на превентивна дезифекција, дезинсекција и дератизација во населените места и други јавни површини
7.Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.
Во врска со третирањето против комарци, беше истакнато дека и теристичкото и авионското прскање не даваат задоволителни резултати, но истите мора да вбидат спроведени бидејќи од страна на санитарната инспекција Општината може да биде казнета.

Претседателот отвори расправа по точката и праша дали има детектирано нови критични точки од поплава од р.Брегалница, бидејќи над градскиот стадион има една точка која е критична и праша дали има начин некако да се заштити, т.е да се најде решение.

К.Цоневски рече дека решение за заштита од поплави е редовно чистење на целото речното корито на Брегалница. Постои акционен план за заштита од поплави, истиот треба само да се спроведе. Проблем е тоа што многу луѓе узурпирале земјиште близу коритото и во близина на коритото.

Во врска со прскањето против комарци, Г.Попов рече дека за него е апсурд да се даваат пари за нешто што нема резултати, а К.Цоневски рече дека тоа е така ама за да не биде казнета Општината од страна на Санитарната инспекција се прави тоа прскање.

Кирил Тренчевски истакна дека Програмата треба да се донесе, а прскање треба да има. Можеби треба да биде навремено за да биде ефикасно.

Оливера Ташевска рече дека прашањето не е поврзано со точката, но сака да го искористи неговото присуство и праша до каде е исплатата за штетата на луѓето од пожарите?

К.Цоневски рече дека проценката е завршена од страна на овластен проценител од Кратово, а за процена на шумите овластена фирма побарала 700.000 денари.

Иван Гоцевски праша дали Општината има надлежност во врска со штетата предизвикана од африканската чума?

К.Цоневски рече дека за тоа е надлежна Агенцијата за храна и ветеринарство.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за превенција и заштита на Општина Делчево за 2022 година.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за определување паричен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека на седница на УО на ЈЛБ „Илинден"-Делчево одржана на 30.12.2021 година, УО донел Заклучок да достави Барање до советот на Општина Делчево за определување паричен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавната локална библиотека „Илинден"-Делчево. Согласно законот за култура овој надоместок се однесува само на надворешните членови на УО, а барањето е доставено до Советот бидејќи Советот е основач на ЈЛБ, а во член 6 од Статутот на библиотеката пишува дека надоместокот го определува Советот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", 4 „ПРОТИВ" и 3 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување паричен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор на Јавната локална библиотека „Илинден"-Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Славе Постолов;**

Единствено образложение по точка 10 и 11 даде Звонко Атанасов кој рече дека со оваа и наредната одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-379 од 25.12.2018 година, од страна на Славе Постолов ул.„Плачковица бр.22" - Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зг. реден бр. 1 изграден на КП бр. 3480 и КП бр.3479 КО Делчево м.в. Брежје запишана во имотен лист бр. 10316 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат и за помошен објект – означен во елаборат како зг реден бр. 2 изграден на КП бр. 3480 и КП бр.3479 КО Делчево м.в. Брежје запишана во имотен лист бр. 10316 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа и рече дека за него како член на Советот при одлучувањето по овие точки многу важно е дали објектот е на приватно земјиште или на државно и го праша образлагачот дали парцелите на кои е изграден бесправно-изградениот објект станебена куќа и помошниот објект се во приватна сопственост или земјиштето е државно?

Звонко Атанасов рече дека за т.н. легализација постојат комисии кои одат на терен и прават увид во состојбата за што изготвуваат записник. Во моментот тој не може да одговори на прашањето бидејќи не е член во тие комисии.

Претседателот на Советот рече дека во одлуките недостасуваат податоци и образлагачот треба да има информации за точките што ги образлага. За таа цел даде 30 минути пауза.

По паузата седницата продолжи со тоа што Звонко Атанасов даде дополнително објаснување со парцелите на кои бесправно е изградена станбена куќа на Славе Постолов. Тој истакна дека по извршениот увид во предметот може да се констатира дека

парцелите се во негова приватна сопственост, во предметот има доставено и Геодетски елаборат, Имотен лист, изјава заверена кај нотар, а самиот објект е изграден 2010 година.

Претседателот праша што се подразбира под урбанистичко-планска документација што треба Општината да ја донесе и дали во потребна документација за легализација се поднесува само Геодетски елаборат и дали се изработува проект?

Звонко Атанасов рече дека согласно важечкиот Закон за постапување со бесправно-изградени објекти под урбанистичко-планска документација во смисла на овој закон, се подразбираат урбанистички планови и урбанистичко-плански документации утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Општината има обврска да ја спроведува постапката за утврдување на правен статус на објекти на локално ниво. Комисијата оди на терен, прави записник, прави фотографии од ојектот и утврдува дали претставува градежна и функционална целина и тука завршува нејзината надлежност.

Гоце Попов-претседател на Советот истакна дека според образложението излегува дека секој објект може да се реализира само со процена на Комисијата, а не со изработен проект и според него тоа не е во ред, апсурдно е. Но апсурден е и самиот закон кој е на штета на чесните инвеститори. Исто така тој рече дека секој таков објект треба да има мислење од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – ИЗИС бидејќи се легализираат секакви дивоградби.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точките 10 и 11 беше затворена, а точката 10 беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против нема и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Славе Постолов.

На гласање беше ставена и точка 11-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Славе Постолов;

Со 13 гласа „ЗА“, против нема и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат- објект помошен објект зграда бр.2 по барање на Славе Постолов.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект за одгледување на кокошки зграда број 1 по барање на Дарко Димитров;**

Точката ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти. Се однесува на објект за одгледување на кокошки – означен во елаборат како зг реден бр. 1 изграден на КП бр.

5089/1 КО Звегор запишана во имотен лист бр. 74 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . барањето е поднесено од страна на Дарко Димитров од с.Звегор - Делчево за бесправно изграден објект. Станува збор за земјиште на РСМ.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ 1 „ПРОТИВ“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект за одгледување на кокошки зграда број 1 по барање на Дарко Димитров;

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-објект објект за одгледување на крави и сместување на храна за животни зграда број 3 по барање на Дарко Димитров;**

Точката ја образложи Звонко Атанасов. Станува збор за објект објект за одгледување на крави и сместување на храна за животни на Дарко Димитров од с.Звегор. Објектот се наоѓа на КП бр. 5095 КО Звегор запишана во имотен лист бр. 2343 и КП бр.5096 КО Звегор запишана во имотен лист бр. 74 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат . Земјиштето е сопственост на РСМ.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ 1 „ПРОТИВ“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект за одгледување на крави и сместување на храна за животни зграда број 3 по барање на Дарко Димитров.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево;**

Образложение поднесе Звонко Атанасов кој рече дека оваа одлука се донесува секоја година и со неа се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на О пштина Делчево. Одлуката е иста како ланската, нема промена во цените.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збпор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени

купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево.

**Петнаесетта точка-Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;**

Образложение по оваа точка поднесе Звонко Атанасов и рече дека со оваа програма се донесува секоја година согласно Законот за градежно земјиште и Законот за локална самоуправа.Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната 2022 година.Во неа има општи податоци кои се однесуваат на:Просторот - локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма;Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште; Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура; Извори на финансирање на Програмата;Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба; Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии);Динамика на извршување на Програмата и Останати активности. Активностите кои се наведени во програмата се врз основа на согледувања на стручните служби во општината, како и предлози и сугестии од месните и урбаните заедници. Во оваа програма цените за уредување на градежното земјиште се променети во однос на ланската година кои се однесуваат на локалитетот „Сервисна и Индустриска зона“. Други промени нема, доколку имате некои прашања, повелете рече Звонко Атанасов.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, аточката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2022 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина кој рече дека програмата се донесува врз основа на Законот за јавни патишта и со истата се предвидуваат следните активности:Изградба и реконструкција на општински патишта;Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари и Редовно одржување на општински патишта и улици, зимско и интервентно одржување. Истата е изготвена врз основа на приоритетите доставени до нас од месните и урбаните заедници, како и согледувања на Одделението. Во оваа година општината ќе работи на неколку приоритетни проекти изградба на улица до новиот Градски пазар, улици во населбите „Басарица“, „Пролет“, како и другите населби/реони, а исто така и по селата, доколку има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој имаше повеќе забелешки на Програмата во смисла на тоа дека недостасуваат многу важни и конкретни податоци:должина, вредност, финансиска конструкција, рокови и динамика на реализација на предвидените активности и слично.

Претседателот на Советот Гоце Попов рече дека забелешките на С.Ивановски се во ред и тој исто така имаше забелешки во однос на Програмата при што истакна дека срамота е една ваква Програма која би требало да биде двигател на развојот на Општината да биде толку бедна, да недостасуваат основни податоци. Не може да се напише само-изградба на улица во некоја населба без да ја има должината изразена во метри должни, ако е крак или дел без да има прецизирано точно од каде до каде, да нема рокови за изведување, да нема динамика. Нареден пат мора сето тоа да биде образложено детално. Не може во Програмата да нема финансиска конструкција за целата програма, еве прашувам дали образлагачот знае колкав буџет е потребен за реализација на оваа Програма, праша претседателот на Советот?

Сунчица Ѓорѓиева праша за која крак на ул. „Орце Николов“ се однесува изградбата, т.е. токата 33 во Програмата- Изградба на крак од ул.„Орце Николов“ во Ново Делчево и каков е планот за населбата „Ѕвегорска Река“?

Звонко Атанасов рече дека проблемот со „Ѕвегорска Река“ сега засега е нерешлив од причини што има преклопување на два плана и има многу објекти кои узурпирале дел од земјиштето предвидено за изградба на улици. Прво што мора да се направи е усогласување на урбанистичките планови на ГУП и на ДУП за Ѕвегорска Река. ДУП Ѕвегорска Река е приоритетен за усогласување. Што се однесува до првото прашање на С.Ѓорѓиева тој рече дека изградбата на кракот на ул. „Орце Николов“, тој рече дека се однесува на делот кај станбената куќа на Дамјанов.

Бидејќи никој друг не се јави за збор по оваа точка, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2022 година со забелешка истата да се дополни со конкретните забелешки и предлози (должина, средства, извори, динамика и временска рамка/рокови).

**Седумнаесеттата точка-Предлог-Програма за работа на Советот на млади на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Родна Деолска- Претседател на Советот на млади на Општина Делчево која рече дека во насока на подобрување на работата на новоформираниот Совет на млади на Општина Делчево со мандат до 2023 година, се изработува оваа годишна програма која има за цел координирано и насочено управување со обврските и задачите на Советот на млади. Истата е изготвена врз основа на заклучоците од спроведеното електронско и теренско истражување за потребите и предлозите на младите од 15 до 30 години кои живеат на територијата на Општина Делчево. Извештајот од истражувањето е во прилог на оваа Програма. Во фокусот на програмата се неколку стратешки области во рамки на кои ќе бидат организирани активности во текот на 2022 година. Областите се утврдени согласно претходно спроведеното истражување и дискусии со засегнати страни.

- Јакнење на капацитетите на ЛМС при Општина Делчево
- Афирмација и унапредување на видливоста на Советот на млади

- Животна средина
- Образование и вработување
- Култура и спорт

Програмата подразбира и простор за дополнителни активности кои би се случиле во меѓувреме како иницијатива од страна на одредена групи млади или младински акции кои може да се организираат за време на тековната година.

Во продолжение таа ги запозна членовите на Советот во врска со формирањето на Локалниот младински совет на општина Делчево и истакна дека тој се состои од пет члена избрани по пат на доставени апликации на јавен повик за предлагање на кандидати за избор на членови на ЛМС на Општина Делчево. Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општина Делчево е донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр.09-1210/1 од 08.07.2021 година. На крајот таа истакна дека самата Програма е изработена од членовите на Советот на млади, а вкупниот буџет за реализација на истата е 120.000,00 денари. Доколку имате прашања, повелете, рече Родна Деолска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Зекир Абдулов кој рече дека Програмата ја има прочитано многу убаво, но рече дека има неколку забелешки. Првиот дел на Програмата/ Воведот не е добро опишан, освен последниот со Табелата. измешани се областите на делување со целите, исто така тој имаше забелешки за општата и специфичните цели. Тој рече дека Програмата треба да се доработи во повеќе делови и дека стои на располагање за помош околу тоа.

Родна Деолска рече дека подобро би било да се дадат конкретни предлози и забелешки во врска со Програмата.

Марио Скакарски истакна дека делумно се согласува со Зекир дека има простор за подобрување на Програмата, но исто така истакна дека сепак треба да се има разбирање за Советот на млади, за поздравување е нивната решителност и желба за работа и затоа треба да се поддржат во нивната работа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збпр, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Предлог-Програмата за работа на Советот на млади на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување.

**Осумнаесетта точка-Извештај за работата на Советот на млади при Општина Делчево со Заклучок за усвојување.**

Образлагач и по оваа точка беше Родна Деолска која рече дека ЛСМ на Општина Делчево е основан на 08.07.2021 година со Одлуката за верификација на мандатите на членовите на ЛМС. Од формирањето на истиот до крајот на годината се одржани 3 формални состаноци и 2 онлајн средби. Направени се подготвки за креирање на Стратегијата за млади во чијшто план ќе биде утврдена и работата на Советот на млади во тековната година.

На крајот на годината била организирана и успешно спроведена хуманитарна акција „Новогодишна трпеза за сите„ со цел достојно одбележување на божиќните и

новогодишните празници.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Советот на млади при Општина Делчево.

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2022 година;**

Образлагач По точките Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој истакна дека за успешно извршување на својата дејност, согласно Статутот на претпријатието на предлог на директорот се изготвува Програма за работа и развој на претпријатието. За што поуспешно остварување на целите на ЈП, ЈКП „Брегалница“ е организирана во 5 сектори и тоа: Сектор за општи и правни работи, Сектор за финансиии, сметководство и комерција, Сектор за водовод и канализација, Сектор за комунална хигиена и Сектор за градско зеленило и гробишта.Накусо беа образложени надлежностите на секој сектор посебно. Во врска со процентот на наплата беше истакнато дека посебно внимание ќе се посвети на наплатата на фактурите од корисниците на услуги. Тој информираше дека е ставена во функција апликација за електронско плаќање на фактурите, како и за внесување на состојбата на водомерите, т.е мобилно отчитување на водомерите.

Секторот за финансии, сметководство и комерција во 2022 година ќе работи согласно новиот тригодишен бизнис план за период 2022-2024. Во оваа Програма во табела на страна 4 е дадена финансиската проекција на приходи и расходи за 2022 година кои се 13.592.00 денари.

Во Сектор за правни и општи работи се планирани инвестиции во износ 50.000 денари за компјутери и компјутерска опрема.

Во Секторот за водовод и канализација главна активност за 2021 година ќе биде тековното одржување и поправка на дефектите на главниот доводен цевковод од брана Лошана до Филтер-станицата Тработивиште и од Филтер-станицата до влезот на градот . Во 2022 година се планира преку водоснабдителниот систем да се дистрибуира вода за пиење до 4680 домќинства и 320 правни субјекти и ќе биде дистрибуирана 576.000 м3 вода за пиење.

Во 2022 година се планираат 1 милион денари за реконструкција на постојните водоводни линии, на страна 7 има табеларен преглед за сите планирани активности во тој дел, вкупната вредност и периодот на реализација. Исто така, во оваа Програма се дадени и активности кои се усогласени со Програмата за уредување на ГЗ на опшштина Делчево за 2022 година. Во овој Сектор за 2022 година се планирани приходи во износ 26.750.000 и расходи 26.296.000. Инвестициите се планирани во износ 350.000 за набавка на половно патничко возило.

Во 2021 година се планира набавка со одложено плаќање на 4 години на уште едно ново специјално возило за собирање на отпад во Секторот закомунална хигиена. Планираните приходи се во износ 11.690.000, а расходите во износ 11.700.283. Се планираат и инвестиции во износ 5.200.000 денари.

Во 2022 година се планира да се започне со собирање на комуналниот отпад и од преостанатите поголеми населени места Стамер, Вирче, Бигла, а ако има улови и Иствник, како и целосно покривање на услугата во селото Ѕвегор каде во моментот сите жители не ја користат услугата. Секторот за комунална хигиена во 2022 планира да набави нов трактор со приколка за собирање

на отпад. Во овој Сектор се планирани приходи во износ 12.300.000, а расходи 13.450.000. Иако планиранита расходи се поголеми од планираните расходи, треба да нагласам деека планираните расходи за резервни делови никогаш не го надминуваат износот ос 1 милион денари. Исто така се планира набавка на специјално возило за собирање отпад со одложено плаќање со вредност 3.833.604,00 денари, а во 2022 година се планира да бидат исплатени 2,5 милиони денари.

Во Секторот за градско зеленило и гробишта се планирани приходи од 8.395.000 и расходи од 6.534.000 денари, како и инвестиции од 170.000 денари. Сите средства кои се планирани на наведените активности ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево од средствата прибрани за уредување на градежно земјиште за 2021 година. Средства од Владата на РСМ и редовни приходи на ЈКП „Брегалница“-Делчево. Доколку имате прашања, повелете, рече С.Стојковски.

Претседателот отвори расправа по точката, за збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски која праша која е намената на тоа возило и кој го користи возилото марка „Шкода – Јети“ бидејќи во Табелата финансиска проекција на приходи расходи на стана 4, на ставката 402020 за нафта на тоа возило се планирани 180.000 денари. Таа исто така праша и за ставката за мобилен телефон за кој се планирани 136.000?

Исто така, праша каде, на која ставка се планирани средствата за исплата на неисплатех регрес за годишен одмор или К-15 за 2018-2020 согласно спогодбата склучена со Синдикатот?

Во врска со првото прашање, С.Стојковски рече дека возилото Шкода – Јети“ го користат речиси сите за повеќе намени, ставката е предимензионирана исто и за мобилната телефонија, се планираат повеќе средства, но не се трошат по толку. Во врска со средствата за исплата на К-15 тој рече дека се планирани во ставката за плати и надоместоци.

Иван Гоцевски го праша директорот:„ Дали со спогодбата за неисплатени надоместоци за периодот 2018-2020 година не го демантирате тврдењето на градоначалникот кој на ТВ дуелот со нашиот кандидат, во обид да Ве заштити тврдеше дека тоа се наследени долгови од претходната власт. Се надевам дека го гледавте дуелот“, рече тој.

С.Стојковски рече дека за неисплатениот регрес за годишен одмор има сусдски постапки и не е во ред да се прејудицира и коментира какви би биле тие

Процедурално за збор реагираше Кирил Тренчевски кој рече дека советниците треба да дискутираат по точките на дневен ред. Сега на дневен ред е Програма за работа на ЈКП „Брегалница“.

Сања Николовска побара писмен одговор за други трошоци (500.000) денари. Како се дошло до таа бројка, да се достави за поединечно за сите (репрезентации, советувања, членарина, службени патувања, надоместоци за управен одбор, спонзорства, трошоци за платен промет, данок на имот).

Оливера Ташевска праша зошто во планирани активности во 2022 не е предвидено изградба на водоводна мрежа?

С.Стојковски рече дека ЈКП „Брегалница“ не стопанисува со водоводот во с. Вирче, но во наредниот период ќе правиме напори да го приклучиме и с. Вирче на новиот водоснабдителен ситстем.

Марјанчо Велиновски праша како ќе се реши проблемот со адвокатските услуги во

периодот 2018-2020?

Директорот рече за оваа ставка, како и за сите други колку биле потрошени и колку ќе се потрошат ќе се види со Годишниот извештај. Средства мора да се предвидат, има повеќе судски тужби, акков ќе биде исходот не знам и не треба да прејудицираме. Некои тужби се одбиваат, еве има и една позитивна од 2019 година.

Иван Гоцевски праша за кој ќе биде изградена нова водоводна линија ф63 од Млекара на Рудине до Мотел Кула во должина од 700м1 во износ 100.000 денари?

С.Стојковски рече дека барањето е од правно лице со објект, но има и повеќе физички лица кои имаат потреба. Секако и ЈКП „Брегалница“ ќе има придобивка од ова.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата и по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2022 година.

**Дваесетта точка**-Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација Градежна Парцела бр.2.05 и Градежна Парцела бр.2.06 од ДУП урбан блок,,Пролет 1,,на Делчево КО Делчево,Општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност  кој рече дека оваа одлука е законска обврска и нејзиното донесување е претпоследен чекор за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација Градежна Парцела бр.2.05 и Градежна Парцела бр.2.06 од ДУП урбан блок,,Пролет 1,,на Делчево КО Делчево,Општина Делчево. Истата е составен дел и на претходно донесената Програма за урбанистички планови, а практично претставува право на приватен инветститор  за спојување на 2 градежни парцели за изградба на 1 .Станува збор за приватна инвестиција која се наоѓа во населба „Пролет“.

Претседателот на Советот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор тој истакна дека за разлика од претходните точки тука станува збор за легална постапка со која приватен инвеститор  на своја соппствена земја сака да прави објект со тоа што ќе се направи спојување на 2 градежни парцели. Законот го дозволува тоа, значи се е законски. Со поранешниот закон согласност даваше Министерството за транспорт и врски, а сега согласноста ја дава општината. Иницијативата е за поздравување, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација Градежна Парцела бр.2.05 и Градежна Парцела бр.2.06 од ДУП урбан блок,,Пролет 1,,на Делчево КО Делчево,Општина Делчево;

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање на Стефанија Сапаловска;**

Оваа одлука ја образложи ана Ситновска Димитровска која рече дека од страна на Стефанија Сапаловска од с. Разловци, до Советот на Општина Делчево, е доставено Барање за парична помош и е предложена оваа одлука. Согласно член 1 од одлуката барањето е одбрено на сума од 30.000 денари за лекување во странство (оперативен зафат). Но вие како Совет можете да предложите и друга сума, истакна таа.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за парична

помош по барање на Стефанија Сапаловска.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање на Александра Јочевска;**

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска-Димитровска-Советник-одговорен сметководител која рече дека од страна на Александра Јочевска е доставено барање за парична помош за погребални трошоци за нејзиниот сопруг. Одлуката е за 30.000 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање на Александра Јочевска.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Програма за социјална заштита на општина Делчево за 2022 година;**

Образлагач по точката беше Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која рече дека Општина Делчево е една од единаесетте општини во Источниот плански регион. Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита. На почетокот беа опбразложени појдовните основа на оваа Програма и институционалните капацитети за спроведување на оваа Програма. Накусо беше образложена улогата на Советот за социјална заштита и неговите активности, како и активностите кои се предвидени за реализција во оваа Програма. Поголемо внимание беше посветено на активностите на Општина Делчево во обезбедувањето на социјалната заштита на граѓаните на општината , ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање во остварување на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита, а тоа се:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи (самохрани родители, роми , деца во судир со законот и др.)
- Помош на лица/семејства погодени од несреќи и др.елементарни непогоди
- Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот,
- Помош и грижа за стари и изнемоштени лица,
- Помош и грижа за лицата со посебни потреби,
- Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание, ученици, студенти
- Промовирање на нови социјални услуги и тоа: услуги за информирање и упатување, услуги за помош и нега во домот , услуги за лична асистенција, услуги во заедницата и услуги за вонсемејна заштита

Сите овие активности беа накусо образложени бидејќи голем број на податоци за нив беа претставени во самата Програма со табеларни прегледи. Во врска со финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма, беше истакнато дека ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Делчево . Вкупниот буџет на оваа програма е 9.356.954.00 денари, од кои Општина Делчево ќе обезбеди 5.115.000,00 денари, истакна С.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Зекир Абдулов кој рече зошто во Програмата во Глава V точка 5 е предвидена активност- Инклузија на 15 деца Роми во предучилишно образование 10 месеци во детската градинка со средства од МТСП и РЕФ кога Општина Делчево не го испочитувала потпишаниот трипартитен договор, според кој од 15 деца Роми, Општината требало да финансира 10 деца. Овој проблем со непочитувањето на договорот од страна на Општината се провлекува веќе 2-3 години и тоа не е во ред. Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) повеќе нема да дава пари за таа цел, а факт е дека ромските деца кои посетувале градинка даваат добри резултати.

Сузана Петровска рече дека тоа се податоци од детската градинка и станува збор за активност и средства кои се предвидуваат во Програмата, дали и во кој обем ќе бидат реализирани е друго прашање.

Сашко Ивановски рече дека во ООУ „Ванчо Прке“ постои реална потреба од ангажирање на лични асистенти за две деца и рече дека до крајот на полугодието не биле реализирани. Тој ја истакна големата потреба и побара ако може да се реагира.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за социјална заштита на општина Делчево за 2022 година.

**Дваесет и четврта-Предлог-Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината за потпишување на документацијата по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно договорот за заем од Европската инвестициона банка;**

Образлагач по точката беше Тони Вангеловски-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина кој истакна со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Делчево, за потпишување на целокупната документација за инвестцискиот подпроект Реконструкција на дел од дистрибутивната мрежа во градот Делчево зона 2Ново Делчево“, зона „Милково Брдо“ и зона „Потисен цевковод“, Општина Делчево, согласно Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот “Водоснабдување и одведување на отпадни води“, донесена врз основа на Договорот за заем по Проектот “Водоснабдување и одведување отпадни води“.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината за потпишување на документацијата по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ согласно договорот за заем од Европската инвестициона банка.

**Дваесет и петта седница-Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за статут и прописи;**

Точката ја образложи претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Гоце Попов кој рече дека заради оставката на Кристи Стојковски, потребно е да се изврши негова замена во оваа Комисија. Имајќи предвид дека на колешката Ели Ризова Ангеловска ѝ го верифициравме мандатот, предлагам таа да биде член во

Комисијата за статут и прописи. Рече Г.Попов.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го донесе Решението за избор на член на Комисијата за статут и прописи.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Решение за избор на член на Комисијата за јавни дејности**

И оваа точка ја образложи претседателот Гоце Попов кој за член на Комисијата за јавни дејности ја предложи Ели Ризова Ангеловска.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го донесе Решението за избор на член на Комисијата за јавни дејности.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 5.седница на Советот на општина Делчево, заврши со работа во 17:30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов